ФЕРШПЕД АД СКОПЈЕ

МЕЃУНАРОДНА И ВНАТРЕШНА ШПЕДИЦИЈА СО ЈАВНИ И ЦАРИНСКИ СКЛАДИШТА

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ГРУПАТА ФЕРШПЕД АД СКОПЈЕ
## ЗА ДЕЛОВНАТА 2018 ГОДИНА

СКОПЈЕ, МАРТ 2019 ГОДИНА

## СОДРЖИНА


ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ГРУПАТА ФЕРШПЕД ........................................3

БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ........................................3

УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИК........................................4-5

ДОЛГОРОЧЕН ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНАТА ГЛАВНИЦА........................................6

КОНСОЛИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ........................................6-11

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ГРУПАТА ФЕРШПЕД

Акционерското друштво за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД Скопје е основано и работи во Република Северна Македонија. Скратениот назив на Друштвото гласи: ФЕРШПЕД АД Скопје.

Основни дејности што ги обавува ФЕРШПЕД АД Скопје се: шпедиција, угостителство, јавни и царински складишта и трговија со мешовити стоки.

Акционерската главнина на ФЕРШПЕД АД Скопје се состои од 18.113 обични акции. Номиналната вредност на една акција изнесува 37.400 денари.

ФЕРШПЕД АД Скопје на 31.12.2018 година има откупено 1.810 обични акции или 9,997% од акционерската главнина .

Седиштето на друштвото е на ул. Македонија бр. 11а, Скопје.

Групата ФЕРШПЕД АД Скопје, покрај матичното друштво, ја сочинуваат повеќе друштва во мнозинска сопственост и тоа:

| | **Процент на учество на ФЕРШПЕД АД Скопје** |
|---|---|
| СКОВИН АД Скопје | 96,693% |
| ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје | 57,930% |
| ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид | 73,503% |
| ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје | 99,981% |
| ФЕРШПЕД ТРАНС ДООЕЛ Скопје | 100% |
| ЕУРОТРАДИНГ ДООЕЛ Солун | 100% |
| ФЕРАГЕНТ ДОО Бар | 100% |
| ФЕРТРАДЕ ДОО Белград | 100% |

## БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ

Бројот на вработените во Групата ФЕРШПЕД за 2018 година изнесува 582, за разлика од 2017 година кога овој број изнесуваше 595.

## УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИК

Во своето работење Групата е изложена на повеќе видови на финансиски ризици како што се пазарниот ризик (ризик од промена на девизните курсеви и ризик од промена на цените), кредитниот ризик, ризикот од промена на каматните стапки и ризикот од неликвидност. За управување со финансиските ризици е надлежен Управниот одбор. Основата на управувањето со финансискиот ризик се состои во изнаоѓање начини за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти.

### 1. Пазарен ризик

#### Ризик од промени на девизниот курс

Групата ФЕРШПЕД АД Скопје во своето работење стапува во меѓународни трансакции заради продажби и набавки на производи, стоки и услуги. Овие трансакции се искажани во странски валути. Групата користи и долгорочни кредити деноминирани во странска валута.
Групата не користи соодветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Северна Македонија. Поради тоа, Групата е изложена на ризик поврзан со можните флуктуации на курсевите на странските валути.

#### Ризик од промени на цените

Групата ФЕРШПЕД АД Скопје е изложена на ризик од промена на пазарните цени на вложувањата расположливи затоа што овој вид на ризик е надвор од контрола на Групата.

### 2. Кредитен ризик

Групата е изложена на кредитен ризик во случај купувачите на нејзините производи да не можат да ги извршат своите обврски спрема Групата.

Побарувањата од купувачите вклучуваат побарувања од поголем број купувачи со умерени салда, што претставува спроведување на политиката на дисперзија на побарувањата на поголем број купувачи со цел да се избегне зависноста од мал број на купувачи.

### 3. Ризик од промени на каматните стапки

Групата е изложена на ризик од промени на каматните стапки кога користи кредити и кога има депонирани средства во банки. Обврските по кредити вообичаено се отплатуваат по променливи каматни стапки. Депозитите вложени во банки исто така се подложни на промени на каматните стапки зависни од движењата на финансиските пазари. Ова ја изложува Групата на можен ризик од промени на каматните стапки.
Групата ФЕРШПЕД АД Скопје нема посебна политика за намалување на каматниот ризик и истиот го регулира преку директни преговори со банките.

**4. Ризик од неликвидност**

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Групата нема да биде во состојба со паричните средства навремено да ги плаќа обврските спрема доверителите и кредиторите.
Групата нема ликвидносни проблеми во работењето затоа што води политика на навремено обезбедување на потребните парични средства за плаќање на доспеаните обврски.

**5. Ризик од финансирање**

Групата го следи ризикот од финансирање преку показателот за задолженост. Овој показател се пресметува како однос меѓу нето обврските и вкупниот капитал. Нето обврските се пресметуваат како разлика помеѓу вкупните кредити (краткорочни и долгорочни) и паричните средства.

Управниот одбор на ФЕРШПЕД АД Скопје врши редовно следење на кредитната задолженост на Групата.

**КОНСОЛИДИРАНИ СРЕДСТВА И ИЗВОРИ НА ГРУПАТА ФЕРШПЕД АД СКОПЈЕ**

Согласно консолидираниот Биланс на состојба вредноста на активата (средствата) и на пасивата (изворите) на групата Фершпед АД во 2018 год. изнесува 4.152.169 илјади денари, и во однос на 2017 година бележи пад од 3%.

Структурата на **СРЕДСТВАТА** покажува учество на нетековните средства од 63,3% а на тековните средства од 36,7% во вкупните средства.

**Краткорочните побарувања** во износ од 385.194 илјади денари, бележат пад за 28 % во однос на 2017 година, кога истите изнесувале 535.075 илјади денари. Од овие побарувања најголем дел се однесува на побарувањата од купувачите.

Структурата на **ИЗВОРИТЕ** покажува учество на главнината и резервите со 77,9% а на обврските со 22,1% во вкупните извори.

**Вкупните обврски** изнесуваат 880.773 илјади денари од кои на долгорочни обврски отпаѓаат 293.857 илјади денари и бележат пад од 3% во однос на истите во 2017 година. Краткорочните обврски изнесуваат 586.916 илјади денари и бележат пад од 18,5% во однос на 2017 год. а во нив најголемо учество имаат обврските спрема добавувачите.

## ДОЛГОРОЧЕН ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНАТА ГЛАВНИЦА

Долгорочниот долг, односно долгорочните кредити на групата Фершпед АД Скопје учествуваат со 9,03% во главнината (капитал и резерви).

## КОНСОЛИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

Согласно консолидираниот Биланс на успех за групата Фершпед АД Скопје, финансискиот резултат за 2018 година е позитивен со остварена добивка од 4.296 илјади денари.

**Табеларен приказ на консолидираните резултати од работењето (во илјади ден.)**

| Ред бр. | Позиции | Резултати во 2017 год. | Резултати во 2018 год. | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од работењето | 3.587.726 | 3.848.443 | 107 |
| 2. | Промена на вредноста на залихите на готови производи и производство во тек | -3.822 | 20.549 | / |
| 3. | Расходи од работењето | 3.444.951 | 3.836.759 | 111 |
| 4. | Финансиски приходи | 8.519 | 12.993 | 153 |
| 5. | Финансиски расходи | 36.742 | 22.448 | 61 |
| 6. | Добивка/загуба од редовно работење | 110.730 | 22.778 | 21 |
| 7. | Данок на добивка | 13.078 | 18.482 | 141 |
| 8. | Нето добивка /загуба | 97.652 | 4.296 | 4 |

**КОНСОЛИДИРАНИ ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** во износ од 3.848.443 илјади денари бележат пораст од 7 % во однос на приходите во 2017 година и истите се состојат од следните видови на приходи : приходи од продажба во вредност од 3.808.758 илјади денари , останати приходи во вредност од 39.685 илјади денари.

**КОНСОЛИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** во износ од 12.993 илјади денари бележат пораст од 53% во однос на минатата година. Овие приходи ги сочинуваат: приходите по основ на приходи од камати во износ од 1.498 илјади денари, дивиденди во износ од 9.962 илјади денари, приходи од курсни разлики во износ од 1.533 илјади денари.

**КОНСОЛИДИРАНИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** во износ од 3.836.759 илјади денари се за 11% поголеми во однос на предходната година.

Преглед на консолидирани расходи од работење:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Потрошени суровини и други материјали**<br><br>(бележат раст од 18% споредено со 2017 год. а истите се однесуваат за потрошени суровини во производството, материјали во хотелиерството (храна, пијалоци), други материјали, енергија и отписот на ситениот инвентар). | 263.800 |
| 2. | **Набавна вредност на продадени стоки и материјали**<br><br>(бележат пад од 9,2% во однос на 2017 год. а се однесуваат на набавна вредност на трговските стоки за продажба на големо, набавна вредност на продадени стоки на бензинската пумпа како и дополнителни асортимани). | 537.569 |
| 3. | **Услуги со карактер на материјални трошоци**<br><br>(бележат раст од 12% во однос на 2017 год. а во овие трошоци влегуваат : транспортните трошоци кои имаат и најголемо учество во оваа група на расходи, расходите за царини, телекомуникациски и ПТТ услуги, комунални трошоци, тековно одржување, реклами, закупнини и др.) | 2.407.588 |
| 4. | **Останати трошоци од работењето**<br>Бележат пад од 10%.<br>(се однесуваат за : менични договори, донации, репрезентации, осигурување, банкарски трошоци, даноци и придонеси и др.). | 68.637 |
| 5. | **Расходи за вработени**<br><br>(овие расходи бележат раст од 2% во однос на 2017 год. а се однесуваат за бруто плати и надоместоци на вработените) | 320.512 |
| 6. | **Амортизација на материјални и нематеријални средства**<br><br>(бележи раст од 3% во однос на минатогодишната) | 69.848 |
| 7. | **Вредносно усогласување на средствата** | 154.712 |
| 8. | **Останати расходи од работењето** | 14.093 |
| | **Вкупно консолидирани расходи од работење** | **3.836.759** |

**КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** во износ од 22.448 илјади денари бележат голем пад во однос на 2017 година.

## ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРЕНИТЕ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ НА ГРУПА ФЕРШПЕД

**ФЕРШПЕД АД СКОПЈЕ-** основните дејности што ги обавува Друштвото се: шпедиција, јавни и царински складишта и трговија со мешовити стоки. Во 2018 година Фершпед АД Скопје оствари позитивен финансиски резултат.

**Табеларен приказ на резултатите од работењето (во илјада ден.)**

| Ред бр. | Позиции | Резултати во 2017 год. | Резултати во 2018 год. | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од работењето | 3.187.508 | 3.481.370 | 109 |
| 2. | Расходи од работењето | 3.117.531 | 3.380.636 | 108 |
| 3. | Финансиски приходи | 5.991 | 10.478 | 175 |
| 4. | Финансиски расходи | 19.811 | 12.956 | 65 |
| 5. | Добивка/загуба од редовно работење | 56.175 | 98.256 | 175 |
| 6. | Данок на добивка | 7.002 | 13.987 | 200 |
| 7. | Нето добивка/ загуба | 49.173 | 84.269 | 171 |

Учеството на Фершпед АД Скопје во капиталот на **СКОВИН АД СКОПЈЕ** изнесува 96,69%. СКОВИН АД Скопје произведува наливно и флаширано вино, како и грозје.

**Табеларен приказ на резултатите од работењето (во илјада ден.)**

| Ред бр. | Позиции | Резултати во 2017 год. | Резултати во 2018 год. | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од работењето | 214.476 | 189.138 | 88 |
| 2. | Залихи на готови производи и недовршено производство на почеток на година | 499.182 | 495.359 | 99 |
| 3. | Залихи на готови производинедовршено производство на крај на година | 495.359 | 515.909 | 104 |
| 4. | Расходи од работењето | 199.232 | 321.939 | 162 |
| 5. | Финансиски приходи | 184 | 69 | 37 |
| 6. | Финансиски расходи | 11.093 | 5.602 | 50 |
| 7. | Добивка/загуба од редовно работење | 512 | -117.784 | / |
| 8. | Данок на добивка | 238 | / | / |
| 9. | Нето добивка /загуба | 274 | -117.784 | / |

Во друштвото **ХОТЕЛИ МЕТРОПОЛ АД – ОХРИД** учеството на Фершпед АД Скопје во акционерскиот капитал е 73,50%. ХОТЕЛИ МЕТРОПОЛ АД Охрид се занимава со хотелиерство и угостителство.

**Табеларен приказ на резултатите од работењето (во илјада ден.)**

| Ред бр. | Позиции | Резултати во 2017 год. | Резултати во 2018 год. | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вкупни приходи | 163.528 | 197.305 | 121 |
| 2. | Вкупни расходи | 134.140 | 162.242 | 121 |
| 3. | Финансиски приходи | 2.937 | 2.585 | 88 |
| 4. | Финансиски расходи | 5.423 | 3.441 | 63 |
| 5. | Добивка/загуба од редовно работење | 26.902 | 34.207 | 127 |
| 6. | Данок од добивка | 2.873 | 3.709 | 129 |
| 7. | Нето добивка/загуба | 24.029 | 30.498 | 127 |

Во **ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ** Фершпед АД Скопје учествува со 57,93% во акционерскиот капитал. Основната дејноста на друштвото е издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп.

**Табеларен приказ на резултатите од работењето (во илјада ден.)**

| Ред бр. | Позиции | Резултати во 2017 год. | Резултати во 2018 год. | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од работењето | 50.903 | 28.952 | 57 |
| 2. | Расходи од работењето | 21.733 | 20.331 | 93 |
| 3. | Финансиски приходи | 1.113 | 1.173 | 105 |
| 4. | Финансиски расходи | 2.152 | 1.737 | 81 |
| 5. | Добивка /загуба од редовно работење | 28.131 | 8.056 | 29 |
| 6. | Данок на добивка | 2.766 | 758 | 27 |
| 7. | Нето добивка | 25.365 | 7.298 | 29 |

**ФЕРШПЕД БРОКЕР АД СКОПЈЕ** се занимава со тргување со хартии од вредност во свое име, како и во име и за сметка на своите клиенти. Во ова друштво Фершпед АД Скопје учествува со 99,98% свој капитал.

**Табеларен приказ на резултатите од работењето (во илјада ден.)**

| Ред бр. | Позиции | Резултати во 2017 год. | Резултати во 2018 год. | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вкупни приходи | 1.904 | 1.330 | 70 |
| 2. | Вкупни расходи | 2.959 | 5.270 | 178 |
| 3. | Финансиски приходи | 127 | 124 | 98 |
| 4. | Финансиски расходи | / | / | |
| 5. | Добивка /загуба од редовно работење | -928 | -3.816 | / |
| 6 | Нето добивка/загуба | -928 | -3.816 | / |

Во друштвото **ФЕРШПЕД ТРАНС ДООЕЛ СКОПЈЕ**, Фершпед АД Скопје се јавува како оснивач со учество од 100% влог. Друштвото извршува дејност на товарен патен транспорт.

**Табеларен приказ на резултатите од работењето (во илјада ден.)**

| Ред бр. | Позиции | Резултати во 2017 год. | Резултати во 2018 год. | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од работењето | 10.873 | 13.182 | 121 |
| 2. | Расходи од работењето | 11.589 | 13.080 | 113 |
| 3. | Финансиски приходи | / | / | / |
| 4. | Финансиски расходи | / | / | / |
| 5. | Добивка / Загуба од редовно работење | -716 | 102 | / |
| 6. | Данок на добивка | | 13 | / |
| 7. | Нето добивка /загуба | -716 | 89 | / |

Во **ЕУРОТРАДИНГ ДООЕЛ Солун** Фершпед АД Скопје како основач има удел од 100%. Друштвото е регистрирано за дејности на други агенции за транспорт.

**Табеларен приказ на резултатите од работењето (во илјада ден.)**

| Ред бр. | Позиции | Резултати во 2017 год. | Резултати во 2018 год. | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од работењето | 25.913 | 22.781 | 88 |
| 2. | Расходи од работењето | 27.566 | 23.309 | 84 |
| 3. | Финансиски расходи | 59 | 145 | 246 |
| 4. | Добивка /загуба од редовно работење | -1.712 | -673 | / |
| 5. | Данок на добивка | / | / | / |
| 6. | Нето добивка /загуба | -1.712 | -673 | / |

Друштвото **ФЕРТРАДЕ ДОО Белград** е основано од Фершпед АД Скопје и извршува останати придружни дејности во сообраќајот.
Според Билансот на успех на друштвото финансиските резултати се следни :

**Табеларен приказ на резултатите од работењето (во илјада ден.)**

| Ред бр. | Позиции | Резултати во 2017 год. | Резултати во 2018 год. | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од работењето | 367 | 358 | 97 |
| 2. | Расходи од работењето | 518 | 488 | 94 |
| 3. | Финансиски приходи | / | / | / |
| 4. | Финансиски расходи | 36 | 2 | 5 |
| 5. | Добивка /загуба од редовно работење | -187 | -132 | / |

**ФЕРАГЕНТ ДОО Бар** работи во областа на меѓународна и внатрешна шпедиција. ФЕРШПЕД АД Скопје има учество од 100% капитал. Билансот на успех ги покажува следниве финансиските резултати:

**Табеларен приказ на резултатите од работењето (во илјада ден.)**

| Ред бр. | Позиции | Резултати во 2017 год. | Резултати во 2018 год. | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од работењето | 15.945 | 10.412 | 65 |
| 2. | Расходи од работењето | 14.443 | 10.237 | 71 |
| 3. | Добивка од редовно работење | 1.502 | 175 | 12 |
| 4. | Данок на добивка | 199 | 16 | 7 |
| 5. | Нето добивка | 1.303 | 159 | 12 |

Председател на Управен одбор
Иван Петровски

ФЕРШПЕД АД СКОПЈЕ